# Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за Првиот Програмски заем за развојни политики- ПДПЛ 1

**(Службен весник на РМ бр. 101 од 24.11.2005 година)**

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка со заем во износ од 24.400.000 ЕВРА, наменет за реализација на Првиот Програмски заем за развојни политики-ПДПЛ 1.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за Првиот Програмски заем за развојни политики-ПДПЛ 1, кој ќе се склучи помеѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 17 години, со вклучен грејс период од 5 години и каматна стапка од ЛИБОР +0.75% годишно.

Заемот ќе се отплаќа на 24 полугодишни ануитети од кои почнувајќи од 15-ти април 2011 година до 15-ти април 2022 година ќе се отплаќаат 23 еднакви полугодишни ануитети во износ од 1.015.000 ЕВРА и на 15-октомври 2022 година ќе се отплати последниот ануитет во износ од 1.055.000 ЕВРА.

Во грејс периодот од 5 години, што претставува и период на реализација на проектот, ќе се плаќа само каматата на заемот.

Член 4

На или веднаш по датумот на влегување во сила на Договорот за заем од член 2, став 1 од овој закон, се плаќа еднократна провизија-трошок во износ од 1% од износот на заемот. Износот на еднократната

провизија може да биде и помала од 1% врз основа на претходно донесена одлука на Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка.

На износот на неповлечените средства од заемот се плаќа провизија во висина од 0,75% годишно пропишана од страна на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка.

Провизијата од став 2 од овој член се плаќа полугодишно и тоа на 15-ти април и на 15-ти октомври секоја година.

Член 5

Корисник на средствата од заемот од член 1 на овој закон е Министерството за финансии во име на Владата на Република Македонија.

Член 6

Република Македонија, заемот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".